# НОВА ИСКРА

## МАРКСИСТИЧКИ ГЛАС НА РАБОТНИЦИТЕ И МЛАДИНАТА

Година II - број 6 || ЈАНУАРИ 2023 || ©издава Марксистичка организација „Црвени“

СОЛИДАРНА ЦЕНА 50 ДЕНАРИ



# УДАРОТ МОРА ДА БИДЕ ВОЗВРАТЕН!

# ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

марксистичко списание за работници и младина

**Издава:**

Марксистичка организација „Црвени“

**Контакт:**

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page
075/520-508 075/629-809

http://novaiskra.mk/

# СОДРЖИНА

ДО НАШИТЕ ЧИТАТЕЛИ 3

ВО ЗДРАВО ОПШТЕСТВО, ЗДРАВЈЕТО Е ОПШТЕСТВЕНО 4

СИНДИКАЛЕН МИНИМУМ - КОЛАЧ ЗА ГАЗДИТЕ, ТРОШКИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ! 8

ГРЦИЈА: МАСОВНО УЧЕСТВО ВО ГЕНЕРАЛНИОТ ШТРАЈК - ЗА ЗАОСТРУВАЊЕ, НЕ СО ЗБОРОВИ ТУКУ СО ДЕЛА! 11

ИРАН: ЗА ПРЕВРАТ НА РЕЖИМОТ НА МУЛИТЕ, ЗА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА! 13

ПЕРУ: МАСОВНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЕЛАНИТЕ ПРУЖА ОТПОР НА КАПИТАЛИСТИЧКИОТ ПУЧ И ПОКРАЈ БРУТАЛНАТА РЕПРЕСИЈА 15

## ДО НАШИТЕ ЧИТАТЕЛИ

Шестиот број на марксистичкото списание Нова искра излегува на преминот од бурната 2022 година кон 2023 година и во него вниманието е насочено кон светската криза на капитализмот што сè повеќе се продлабочува и се претвори во хронична општествена состојба којашто бара революционерни решенија. Сведоци сме дека владејачката класа е целосно безидејна и нема веќе што да им понуди на работниците освен сиромаштија, војна и укинување и на претходно стекнатите придобивки. Очигледно е нивното залагање товарот на кризата да го понесе работничката класа, односно оние кои и онака не ги уживаат удопствата во постојниот систем и кои нималку не придонеле во создавањето на кризата. Продолжувањето на кризата во 2023 година несомнено ќе има значајни импликации врз разгорувањето на класната борба и сè повеќе ќе се зголемува бројот на оние кои ќе ја преиспитуваат оправданоста и логиката од постоењето на капитализмот.

Дека веќе постои поголемо раздвижување на работничката класа сведочат и зачестените штрајкови и протести на секаде низ светот. Во овој број даваме осврт на масовниот, четврти по ред, 24 часовен генерален штрајк во Грција, протестите против теократскиот режим во Иран и мобилизацијата на народот против маневрите на капиталистичката олигархија во Перу. Преку нашите текстови се обидуваме да дадеме што е можно посеопфатен преглед и подетална анализа за развојот на глобалната криза на капитализмот, но и за локалните рефлексии од истата. Оттука го поставивме прашањето „што претставува пресметката на синдикалната кошничка во Македонија" и каква треба да биде улогата на синдикатите во периодот што следува. Исто така, акутно прашање за македонските граѓани е и прашањето за состојбата на здравствената заштита, која по влегувањето на приватниот капитал и намерното уништување на јавниот здравствен сектор се претвори во она што не смее да биде – недостапна „привилегија" за огромното мнозинство.

Како што ќе се пролонгира кризата промената на расположението во масите ќе станува сè поочигледно. Но треба да сме свесни дека кризата на глобалната економија, инфлацијата и падот на животниот стандард, сами по себе се недоволни за да се случи успешна социјалистичка революција. Тоа е така бидејќи покрај објективниот дел на равенката постои уште еден, субјективен, дел, односно революционерното водство кое треба да ја предводи революцијата. Таквата организација мора да биде докажана и препознаена од работничката класа како кадарна да ја актуализира революционерната состојба во вистинска револуција против капитализмот.

Интернационалната марксистичка тенденција станува посилна и помасовна организација секаде низ светот и се стреми да ја преземе токму таа революционерната улога којашто се поставува пред неа. Затоа, сите вие кои ги читате овие редови, сте повикани да се приклучите и дадете придонес во изградбата на организацијата што во себе го носи потенцијалот за уривање на капитализмот и изградба на новиот похуман свет.

*јануари 2023, Петар Чуриќ*

# ВО ЗДРАВО ОПШТЕСТВО, ЗДРАВЈЕТО Е ОПШТЕСТВЕНО

Покажувам дека приватната иницијатива во здравството го руши квалитетот на здравството, конкуренцијата во овој бизнис е секогаш на штета на пациентот. Државата од друга страна, водена од либерални власти, нема визија за стабилен јавен здравствен систем и го одржува истиот само за да биде отскочна даска на пациентот-клиент во приватно-поседуваниот терцијален систем.

## Јавното здравство е во агонија

Дали слушнавте за дечкото од дваесеттина години кој почина од сепса на забар? Дали знаете дека поради немарност на едно одделение за ортопедија, неколкумина пациенти дојдени за минорни хируршки интервенции беа заразени со неизлечивиот хепатит Це? Се сеќавате кога наместо инфузија, маж на околу 30 години доби варикина и почина во маки? Знаете ли како се закажува преглед на интернист преку мој термин со месеци, а не смее матичниот да припише терапија? Не знам дали допре приказната за младата медицинска сестра која доби резултат за својата болест (меланом) по нејзината смрт.

Пациентите со ковид претпрочитаа да имаат домашно лекување отколку да одат на болница. А Македонија на кое место во светот беше по смртност од ковид? На високо 5 место според официјалните податоци, доколку живеат 2 милиони. Пред нас се Перу, Бугарија, Унгарија и БиХ. Министерот за време на ковидот, Венко, поднесе оставка од морални причини поради пожарот во неправилно изградените бараки, која Зоран Заев ја одби. Ни лук јал, ни лук мирисал.

И секако, секој има приказна за споделување со која се покажува дека јавниот здравствен систем е лош, полн со грешки и општо недостапен. Конечно здравството во Македонија можеме да го опишеме со познатата лекарска дихотомија: *1. ништо не е 2. дошол предоцна.*

## Довербата на луѓето во ваков здравствен систем е нарушена

Основна причина за недовербата во постојното здравство е постоењето на здравствениот бизнис каде капиталистичките карактеристики, т.е. профитна мотивираност, на стопанството се рефлектираат во здравството пар екселанс. Паралелното опстојување на државно финансираното здравство покрај профитно воденото во македонската верзија на капитализмот е исклучиво за да го зајакнува бизнисот во здравството и фармако-индустријата. Антагонизмот се состои во тоа што државата со слаба капиталистичка класа сака да се растерети од трошењето на пари и тоа го прави со намалување или немање инвестиции, немање визија за здравството и немање поединечни стратегии за примарното, секундарното и терцијалното здравство, како и немање стратегија за поединечните гранки како кардиологија, ургентна медицина, итн. При тој намерно хаотичен систем државата ќе одржува јавно здравство само на бедниот минимум којшто е потребен за сервисирање на најсиромашниот стратум. Во оваа равенка на страната на јавниот сектор се повеќе сегменти, како здравствените работници, посебно тие во превентивната медицина, студентите на државните факултети, синдикатите и пензионерите, како и пациентите со хронични болести, со еден збор работниците. На спротивната страна, е државната бирократија со аристократски позиции и капиталистите кои можат да ги платат повисоките цени или директно се сопственици на медицинскиот бизнис, и секако коруптивните неморални елементи во јавниот сектор. Знаејќи за својата малубројност и немоќ, капиталистите ангажираат систем за пропаганда и индоктринација на подобро стоечката работничка класа, преку системот на приватно здравствено осигурување, на медиумите со

оцрнување или прикажување на јавното здравство во својата лоша слика, финансирање на кадарот во здравствениот бизнис со поголеми плати и бенефиции од своите колеги и со тоа апсорбција на најдобрите, најуспешните или најдокажаните. Митото и копупцијата на високо ниво исто така се толерира и промовира од државните органи, додека ситните риби во овој маѓепсан круг на мито и корупција се демонстрација дека „нешто се работи".

Од аспект на формалната демократија, работниците гласаат за „бесплатно и квалитетно здравство", но партиите овие изборни ветувања ги сметаат за празни зборови кога треба да го испорачаат она што нивните вистински газди го сакаат - а тоа е - сервилност кон странскиот капитал, услови за безмилосна експлоатација на пролетаријатот, што за овие дами и господа се само евтина работна сила. Оттука, погрешно е да се повикаат на одговорност или да се обвинат за апатија припадниците на работниот народ и при тоа да се користи аргументот на парламентаризам и буржоаска правда.

## Што е со успешноста на приватното здравство?

Овој текст не е со цел да даде простор за личните драми, но би сакал да споделам информации кои не допреле во јавноста. Приказната од моето пошироко семејство е кога на терминално болен со метастазиран рак му се изведува оперативен зафат на езофагус, процедура која е неделотворна. Мојот роднина почина по неколку месеци. Во разговор на овие теми кои не се пријатни за разговарање соговорниците изнесуваат случаи на изведени операции по приватните болници кои се добро наплатени, а каде многу брзо, неполн месец до 3 месеца, се јавува повторување на болеста.

Но, приватните болници имаат разработено многу добра стратегија како да ја префрлат вината врз пациентот и државното здравство. Прво, никој со сила не ги тера пациентите да одат по приватните болници и таму да се лекуваат - ќе кажат модерните софисти, при тоа заборавaат да кажат дека државниот систем со бесконечните листи на чекање и со недоволно екипираните установи ги турка кон приватните профитери, ги турка со паника роднините кои би дале сѐ да се спаси болниот. Државните болници од друга страна се депресивни ќелии на застарени, мувлосани ходници и сали, останати на милост на некоја донација. Смрдат преполните ординации. А уште и ако треба да се подмити некој од персоналот, тогаш во равенката што повеќе се исплати натегнува болницата со нови сали и искрена (или присилена, тоа е друга тема) насмевка на персоналот.

Од една новинарска екипа, пред неколку месеци се рашири аферата за Жан Митрев Клиник кој наводно применувал недокажана метода за хемофилтрација на крвта. Секако цените за оваа услуга се белосветски. Делотворноста е под знак на прашање. Во здрава средина, со независна лекарска контрола, експерименталната метода би била


Влезот во клиниката која наликува на банка



Оптата болница 8 Септември - беден остаток на некогашшната Воена болница

дозволена само во исклучителни околности со согласност на семејството на пациентот и секако бесплатна. Во овој случај, јавноста со право тврди дека се работи за измама, за еден вид на надрилекарство.

Малку изнанадува времето на појавата на оваа вест. Имено, некои одделенија на Жан Митрев Клиник се продаваат, а цената на продажба драстично падна со објавената вест. Купувачот велат дека е близок со актуелната власт. Истовремено една друга приватна болница ја оттуѓи својата сопственост и премина во рацете на, погодете, близок до актуелната власт. Што значи ова пренесување на сопственост? Сосема нормално е во капитализам да се продаваат и купуваат имотите заради зголемување на профити. Пример, ќе разработиш една слаткарница во која си вложил милион денари, а кога ќе ја продадеш ќе инкасираш 10 милиони поради остварување на заработки. Па, така гледаме дека болниците каде секој има право да се лечи, во системот на приватизираното здравство, наликуваат на слаткарница или погон за производство на клинци, на рудник на профити. Но, како и врз која основа се остварува заработката? Врз основа на олигополски цени на услуги за спас на животот, за лекување и излекување. Медицинскиот и помошниот персонал се исплаќа, се плаќа и медицинската опрема, која се амортизира, и потрошниот материјал којшто се добавува и пак останува вишок. Вишокот е профит кој ќе се исплати во вид на астрономска плата од 249 илјади евра или 250 пати поголема плата од средната специјалистичка плата или преку дивиденди на сопствениците. Овој профит е заработен за услуга за која пациентот плаќал осигурување во таков систем каде се фаворизира прелевањето на финансии кон овој бизнис.

Фаворизирањето на здравствениот бизнис од страна на државата се гледа преку а) неконтролираниот бизнис каде независната стручна комисија или Фондот нема ингеренции на успешноста и неопходноста на услугата б) нема антимонополски закон со кои се ограничува цената на услугата, а на мала територија не може да важи законот за слободна конкуренција, едноставно во Македонија нема конкуренција во овој бизнис в) учество на министри, бивши или идни, во приватните здравствени дејности, дали поседување на болници, дали блискост со веледрогерии или слично.

**Конкуренција - извор на натпревар на**

**бизнисмените на гр(о)бот на пациентите**

Конкуренција во здравството како бизнис со цел намалување на цената на услугата (стоката) се остварува на два начина: да се зголеми продуктивноста и да се намалат трошоците. Продуктивноста може да се зголеми само доколку медицинскиот кадар работи повеќе пациенти во работното време, а тоа значи намалување на квалитетот на прегледот или операцијата, може да се зголеми со концентрација на персоналот каде има повеќе пациенти, а тоа исто значи дека ќе нема кадар во помалите средини, практично надвор од Скопје, секако може да се зголеми и со нови технологии, но во медицината новите технологии бараат и соодветни обуки, едукација, учество на симпозиуми и семинари со својата „конкуренција". Трошоците се намалуваат преку окрупнување на болниците во еден центар и тоа е единствен пат за зајакнување на конкурентската сила кон клиентите. Се разбира, ни ова не значи зголемување на квалитетот на услугата. Конкуренцијата, основниот елемент на пазарната економија, во здравството значи неквалитет и измама.

Здравството каде владее пазарната економија, каде животите на луѓето се изразуваат како извори на заработувачка, не е здравство туку болест - онаа болест која се шири и зема енергија од околните ткива, каде ако малку се чепне пушта нови пипци во здравата средина. Приватното здравство е рак што мора да се уништи систематски.

Извадок од Програмските основи на нашата организација:



**Медернистичкиот стил на предвоената скопска Градска болница, разрушена при обновата во 1990тите и во фасада и внатре.**

Бесплатно и квалитетно образование и здравство за сите! Со воведувањето школарина и намалување на достапните места во училниците и амфитеатрите, како и со воведувањето наплата на медицинските услуги, образованието и здравството станаа луксуз на богаташите и нивните деца, а не општо право. Да го заштитиме образовниот и здравствениот систем од приливот на приватниот капитал и подјармувањето на пазарната логика! ... Здравството и фармацијата исто така мора да бидат во државна сопственост и под демократска контрола на своите работници, ослободени од притисокот на пазарот и профитниот мотив. Денешната пазарна насоченост на здравството и фармацијата го еродира нивниот квалитет и доверба на масите во стандардната медицина. Тој бран на недоверба го јавнаа разни опасни надрилекари и измамници, кои на луѓето во очајна здравствена ситуација им извлекуваат огромни количини пари за лажни лекови, што во најголем број случаи се бескорисни, а во најлош смртоносни. Дури и оние бескорисните претставуваат напад на здравјето и животот на болните, затоа што често се проследени со надрисовети за избегнување на стандардната медицина, а со тоа се наговараат пациентите да ја напуштат единствената опција за оздравување! Надрилекарството мора да биде построго санкционирано, но тоа не е доволно да му се стави крај. Потребно е враќање на довербата во стандардната медицина и фармација, што е единствено можно ако обете струки се ослободат од профитниот мотив. Затоа се залагаме за национализирано здравство и вложување во развој на домашна фармацевтска индустрија, под контрола на работничките совети.

*27 ноември 2022, Александар Атевиќ*

# СИНДИКАЛЕН МИНИМУМ – КОЛАЧ ЗА ГАЗДИТЕ, ТРОШКИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ!

Последните достапни пресметки на синдикалната минимална кошничка за месец октомври 2022 година, што се објавуваат од страна на Сојузот на синдикатите на Македонија, покажаа огромен раст на сумата којашто е потребна за едно просечно четиричлено семејство да опстои во текот на еден календарски месец. Износот на минималната синдикална кошница е 51.514 денари и истиот е зголемен за речиси 17.000 денари во споредба со лани. Инфлацијата која достигна 20% го нагриза работничкиот стандард и ја сроза куповната моќ на најшироките работнички слоеви. И покрај зголемувањето на минималната плата на 18.000 денари на почетокот на оваа година, сепак тие плати кои се не многу повисоки од минималецот останаа замрзнати и во отсуство на скалесто зголемување на платите, тие загубија дури една петтина од нивната реална вредност. Пластично објаснето, доколку вашата месечна нето плата изнесува 25.000 денари, нејзината реална вредност е еднаква на 20.000 денари споредено со претходната година. Доколку вашата плата и лани и оваа година изнесувала 25.000 денари, тогаш вие реално сте изгубиле дури 5.000 денари поради стапката на инфлација. Ова само по себе придонесува кон влошување на општата економска и социјална положба во која се наоѓа работничката класа во Македонија.

Самата синдикална минимална кошница е доста скромна пресметка којашто покрива само основни трошоци за едно семејство да може да преживее. Тоа јасно се гледа од фактот дека дури 75% од потрошувачката кошница отпаѓа на трошоци за исхрана и домување (комунални трошоци). Останатите ставки (хигиена, превоз, облека и обувки, култура и одржување на здравје) опфаќаат само скромни 25%! Претпоставката од која тргнува синдикатот е дека едно просечно четиричлено семејство го има решено станбеното прашање (сопствен дом) и дека нема никој хронично болен во семејството што значително би ги зголемило трошоците за здравје да дојде до оваа пресметка. Во реалноста постојат многу отстапувања од оваа идеално замислена застарена ситуација од времето на бившата Југославија. Дополнително, во оваа пресметка не се опфатени трошоци за образование и за годишен одмор на едно семејство, што претставува историски извојувана победа од минатите генерации. Ситуацијата станува полоша кога ќе погледнеме малку под површината и ќе ги додадеме овие вистински потреби кон трошоците за живот.

Дополнително, просечната плата од 32.553 денари пресметана од Завод за статистика не е платата што ја земаат половина од работниците. Овој просек е подигнат поради енормно високите плати на менаџерската елита и некои групи на специјалисти во ИТ индустријата, телекомуникациите и сл. Во земја со вакво раслојување на приходите од исклучителна важност е да се објавува средна плата (медијана) која би била средна вредност т.е. плата што ја земаат половина од вработените, а не просек од висината на сите плати. Секако освен средната плата треба да се објавува и плата која ја земаат една четвртина од работниците и плата која ја земаат три четвртини од работниците. Неофицијално, средната плата во Македонија изнесува околу 21.000-22.000 денари што е далеку пониско од просечната плата пресметана од Заводот за статистика. Едно семејство кое би имало една просечна и една минимална плата не би ја покрило минималната потрошувачка кошница пресметана од ССМ. Плата потребна за достоен живот е нешто што е далечен и непознат поим на периферијата на капитализмот.

## Контраофанзива на капиталот

Наспроти евтините ПИ-АР трикови за замрзнување на цените и излегување во пресрет на работниците, Владата како извршен одбор на капиталот, лансира контраофанзива против работниците и нивните организации. Во време



на инфлација и органска криза на капитализмот, владата се обидува со бирократски маневри да го суспендира колективното договарање и целиот товар на кризата да го пренесе врз плеќите на работниците. Согласно чл.2 од контроверзниот Правилник за регистрирање на колективните договори објавен во месец октомври, министерот за финансии може да го запре било кој колективен договор доколку одлучи за истиот да не даде согласност, со што отворено се обесмислува постоењето на синдикатот како алатка за колективно договорање во полза на работниците!

Во ноември оваа година, за првпат во историјата на Македонија добивме отказ на колективен договор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство што само по себе претставува скандал и преседан во нашата понова синдикална историја. Според синдикатот, ова е исмевање на колективните договори, омаловажување на вработените, показател дека утре на ист ваков начин ќе посегнат да откажуваат и други колективни договори и да ги намалуваат правата на вработените кога и како ќе посакаат. Ова само отвора нова врата во засилување на притисоците на капиталот кон работниците и дополнителен удар врз платите на работниците, особено ако се знае дека со колективен договор работниците добиваат повеќе отколку со закон. Синдикатот реагираше на ова со најави за кривични пријави за министерот. Покрај ова, државата се обиде да не ја исполни својата обврска да исплати регрес (К-15) за тековната 2022 година за работниците од државната управа, локална самоуправа и правосудство и претходно одби да го исплати регресот за 2020 година. По поднесените тужби на синдикатот, Владата реши да ретерира и да го купи социјален мир, најавувајќи дека ќе ја исполни својата обврска за исплата на регресот. Уште еднаш се покажува потребата од силно масовно и демократско синдикално организирање, макар и за најминимални отстапки во корист на вработените.

**Ударот мора да биде возвратен!**

Живееме во турбулентни и радикални времиња кои бараат радикални методи за вртење на ситуацијата во корист на работничката класа! Синдикатите мора да заземат проактивна улога наместо конформната дефанзива која ја практикуваат. Синдикатите јасно се дефинираат

против овие нови промени и трендови што е многу позитивно и во однос на современата историја поразлично. Владата се оглушува на нивниот протест, бидејќи ги гледа (оправдано) како кучиња кои само лаат. Работничката класа долго време не е органски врзана со синдикатите, а синдикатите наместо авангарда која ќе маршира пред работничката класа и ќе го покажува патот против власта, полека со децении се трансформираше во тампон, во медијатор, меѓу гневните работници и лажливите власти. Работниците синдикатот не го доживуваат како свое место туку како уште една цивилна институција, невладина организација, а пак синдикатите немоќни поради неучеството на работниците често ја гледаат својата класа како на апатична, несолидарна или себична, сѐ на штета на синдикатите и работниците, и општо за секое прогресивно движење.

Лидерите на работничката класа, синдикатите доколку не преземат активности со јасна програма, тогаш работниците ќе излезат без синдикат, најверојатно експлозивно и неочекувано, за некој минорен повод. Она што ние како мала комунистичка организација можеме да го понудиме се лекции од историјата. Апелираме до синдикалците да туркаат агенда наместо протест, синдикатите, дали гранкови или федерации, да го применат своето основно орудие - прекин на работата односно штрајк. Штрајкот да се заострува кон целото стопанство, а не само поедини негови делови! Редно е од дефанзива работниците, преку синдикатите, да побараат да не го носат товарот на инфлацијата додека профитите на компаниите растат. Само така работниците ќе ја вратат довербата во синдикатите, многу брзо и многу експлозивно.

Основно барање кое е победоносно, остварливо и со најголем бенефит е да се бара лизгачка скала за платите, односно платите да се зголемат за износот на порастот на животните трошоци! Марксистичка организација Црвени повикува на единство на сите работници и нивните организации во борбата против антиработничките мерки на работните места, на улица, на патиштата, во населбите, во земјата! Заедно сме посилни!

***декември 2022, Дејан Лутовски***



# ГРЦИЈА: МАСОВНО УЧЕСТВО ВО ГЕНЕРАЛНИОТ ШТРАЈК - ЗА ЗАОСТРУВАЊЕ, НЕ СО ЗБОРОВИ ТУКУ СО ДЕЛА!

***Во овој текст се наведени неколку заклучоци од 24-часовниот генерален штрајк што се случи во Грција на 09.11.2022. Нашите грчки другари дискутираат за потребата од брзо и добро подготвено заострување на борбата. Првично напишано на 9 ноември и објавено на www.marxismos.com.***

Денешниот (9 ноември) 24-часовен генерален штрајк на ГСЕЕ (Општиот сојуз на работници на Грција - синдикатот во приватниот сектор) и АДИДИ (Врховна администрација на синдикатите на јавните службеници - синдикатот во јавниот сектор) против постојаниот наплив на инфлацијата претставува впечатлив пример за моќта на работничката класа. Ова беше четврти последователен 24-часовен генерален штрајк за помалку од 18 месеци (со претходни штрајкови на 6 октомври 2021 година, 4 мај 2022 и 11 септември 2022 година) и несомнено најголем. Со оваа голема мобилизација, јасно е дека работничкото движење, релативно бавно, но сигурно, се враќа на чело на масовната борба.

Во штрајкот учествуваа стотици илјади работници, од Еврос до Крит и од Јонските острови до Додеканезите. Десетици илјади од нив, заедно со самовработени од одредени сектори, невработените, студентите, учениците од училиштата и пензионерите, исто така учествуваа во митинзите организирани во над 70 градови.

Сето ова се случи и покрај обидите на владата да ги тероризира работниците, како што видовме со вчерашниот обид за жалба до судовите за да го прогласат штрајкот на работниците во јавниот превоз за нелегален, со цел да се спречи учеството на работниците во демонстрациите во Атина. Сепак, над 50.000 демонстранти го преплавија центарот на главниот град, при што приближно две третини од нив учествуваа на митингот и демонстрациите организирани од ПАМЕ (Милитантниот фронт на сите работници - фронтот на работничкото движење на комунистичката партија, КПГ).



На генералниот штрајк масовно учествуваа вработени од повеќето големи фирми во јавниот сектор и од некои од нивните еквиваленти во приватниот сектор, бројот на учесници во штрајкот од овие фирми во најголем дел беше поголем од претходниот штрајк од 6 април, а во некои случаи и далеку поголем.

Истовремено, учеството во штрајкот повторно беше многу ограничено или непостоечко во најголемиот дел од приватниот сектор, каде што нема силни синдикати: во канцелариите, во малите и средни производствени капацитети, во секторот на услуги, во повеќето продавници и кафулиња, каде што се вработени многумина од новата генерација на работничката класа.

Причината за тоа не е само стравот од отпуштање и одмазда од газдите туку и големиот притисок врз животниот стандард на работниците поради инфлацијата, што е генерално повисок во приватниот сектор, каде што платите се пониски. Скептицизмот за учество во штрајкови на овие работни места е поголем, бидејќи не постои конкретен план за борбено заострување што би можело да донесе победа.

Полетот и расположението на масите во најголем дел се силно погодени од ставовите усвоени од лидерите на синдикатите и работничките партии. Повеќето работници сфатија дека веќе долго време, бирократските раководства на синдикатите ги користат 24-часовните генерални штрајкови како „ќорци", чисто за да го проценат незадоволството на работниците и да им дозволат на нивните членови да се издуваат, без да покажат дури и малку посветеност за сериозна борба. Работниците исто така се разочарани од ставот на нивните политички лидери (Сириза, КПГ), кои не ги преземаат потребните иницијативи за да ја симнат од власт антиработничката влада на Мицотакис што е можно поскоро. Не се ниту пак претставени било какви програми или политики способни да ја убедат работничката класа да ги направи сите неопходни жртви за да ги реализира истите.

Во секој случај, и покрај намерите и тактиките на синдикатот и политичкото лидерство, денешниот генерален штрајк создава најповолна можна основа за работниците и синдикалното членство да бараат и да се обидат да ја интензивираат класната борба. Тоа треба да започне со 48-часовен генерален штрајк на почетокот на декември, добро подготвен со собранија и комитети за борба во сите синдикати и работни места. Ова мора да се комбинира со создавање на масовен обединет фронт, со учество и заедничко дејствување на сите синдикати и масовни партии поддржани од работничката класа, кои изјавуваат дека ги поддржуваат барањата на работничкото движење (Сириза, КПГ, МЕРА25).

Во нашата статија објавена пред денешниот штрајк, ние веќе ги поставивме соодветните барања против големиот грабеж што го спроведоа сите капиталисти на штета на работничката класа за време на овој инфлациски бран.

Работничката класа постојано покажува дека сака да се бори и има моќ веднаш да ја исфрли од власт реакционерната и корумпирана влада на Нова Демократија. Сега е време да се заостри борбата, не со зборови туку со дела, од страна на масовните организации кои тврдат дека им служат на работничките интереси. Со акционо единство на сите кои сакаат да се борат, со јасен план, со одлучна борба што ќе продолжи до конечна победа!

***Превод од англиски на:***

*http://www.marxist.com/greece-massive-participation-in-general-strike-for-escalation-not-with-words-but-with-deeds.htm*

***11 ноември 2022, Епанастаси***

ΕΠΑΝΑΣΤΑΣΗ
Η φωνή του επαναστατικού μαρξισμού στο διαδίκτυο

# ИРАН: ЗА ПРЕВРАТ НА РЕЖИМОТ НА МУЛИТЕ, ЗА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕВОЛУЦИЈА!

***Интернационалната марксистичка тенденција и југословенската секција Црвени изразува солидарност со револуционерното движење на младината во Иран. Следуваат нашите ставови како ова инспиративно движење треба да напредува во иднина.***

***Долу режимот на мулите! Долу империјализмот! Долу капитализмот!***

Убиството на младата курдиска девојка Џина Махса Амини (Jina Mahsa Amini), предизвика масовно револуционерно движење помеѓу младината во Иран. Ова движење ги тргна настрана сите инструменти на поделба кои владејачката класа ги употребува: поделби на полова основа; поделби на етничка основа - Персијци, Курди, Азербејџани, Балузи и Арапи. Сите се борат еден до друг, за уривање на трулиот режим на мулите.

Но, ова движење не настана туку-така. Изминативе пет години беа најбурните во историјата на Исламската република. Од 2018 година сведоци сме на серија незадоволства и протести низ народните маси од национален и локален карактер, поврзани со разни општествени прашања: од недостаток на вода до инфлација, од приватизации до длабока корупција, како и масовни протести по уривањето на интернационалниот украински лет 752. Имаше и движења против угнетувањето на малцинствата во Иран, заедно со многу други незадоволства од ударите врз демократските права од страна на режимот, а исто така и против кратењата во здравствениот систем, образованието, пензиите, платите итн. Неодамна



се организира еден од најголемите протести на работниците, од времето на револуцијата во 1979 година. Во тоа време, токму генералниот штрајк, а поконкретно штрајкот на работниците од нафтената индустрија, беше тој што го урна режимот на шахот.

Сегашното движење го има потенцијалот да ги обедини сите овие борби во единствено револуционерно движење против режимот. Работничката класа може да го искористи овој потенцијал за организација на револуционарен генерален штрајк. Само на тој начин работниците од Иран можат да ги постават темелите за еднаш засекогаш да стават крај на експлоатацијата и угнетувањето: да се организираат како единствена класа и да ја земат власта во свои раце.

Во стоте години на капитализмот, во сите негови форми и трансформации, се докажа како неспособен за унапредување на иранското општество. Дојде времето за градење на раководство што може решително да ја обедини работничката класа и сиромашниот слој и да го отстрани овој малиген систем и владејачката класа која го брани.

Ова е задача не само во Иран, туку и на интернационално ниво! Додека сите овие кризи во Иран се манифестираат особено силно и брутално, тие постојат насекаде низ светот: вртоглава инфлација, пораст на сиромаштијата во работничката класа и младината, како и разни реакционерни поделби во народот преку расизам, угнетување кон жените, итн.

Од овие причини, нашата програма е следна:

- Смрт за диктаторот! Долу Исламската република! За револуционерен преврат на режимот!
- Жена, Живот, Слобода! Против поделби и расизам! За заедничка борба на мажите и жените, на етничките групи и сите угнетени народи, за целосни демократски права и против секаква форма на дискриминација и угнетување!
- Леб, Работа, Слобода – Да живее работничката класа во Иран! За организација на генерален штрајк за преврат на режимот и крај на капиталистичката експлоатација!
- За достоинствена плата, фиксни договори за сите работници и јавни мерки за вработување на невработените. За финансирање на сево ова потребна е национализација на главните економски сектори и нивно ставање под контрола на работниците!
- За револуционерно самоорганизирање на масите: Мора да се организираат комитети за отпор таму каде што ги нема, а таму каде што ги има мора да бидат проширени. Да се изгласаат одбори во сите фабрики, области, села, универзитети и училишта, истите да се поврзат регионално и национално за организирање на отпорот!
- За свикување на Уставотворно собрание на овие органи на револуционерна самоорганизација!
- Не за санкции! Не за какво било влијание од страна на империјалистите кои само сакаат да ја продолжат експлоатацијата и угнетувањето на работничките маси во Иран под ново знаме!
- Не за враќање на монархијата, не за буржоазијата и проимперијалистичката опозиција! Само народните маси го имаат клучот за своето ослободување!
- Долу сите угнетувачи и експлоататори, долу капитализмот – во Иран, на Блискиот Исток и секаде низ светот! Единствени вистински пријатели на иранскиот револуционерен народ се работниците, селаните, жените и младината во другите земји во регионот и ширум светот. Да живее интернационалната солидарност!
- За социјалистичка револуција! За комунизам!

Работничката класа и младината имаат потреба од револуционерна организација за рушење на капитализмот и отфрлање на секој вид на угнетување и експлоатација во ѓубриштето на историјата. Интернационалната марксистичка тенденција-ИМТ работи ширум светот за создавање и изградба на интернационална револуционерна организација. Ако се согласувате со оваа програма, придружете ни се!

# ПЕРУ: МАСОВНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЕЛАНИТЕ ПРУЖА ОТПОР НА КАПИТАЛИСТИЧКИОТ ПУЧ И ПОКРАЈ БРУТАЛНАТА РЕПРЕСИЈА

***Еден месец по државниот удар против претседателот Кастиљо на 7 декември, новата нелегитимна влада на Дина Болуарте користи брутална полициска и армиска репресија за гушење на протестите, при коишто настрадаа 45 луѓе. Работниците и селаните пружаат отпор против пучот со масовни демонстрации, со блокади на патиштата, национални и регионални општи штрајкови и создавање на комитети за борба низ земјата во движење што својот епицентар го наоѓа кај посиромашните, јужни области населени повеќе со домородно население. Кој застана зад државниот удар од 7 декември и кои се изгледите за масовно движење на отпор?***

Педро Кастиљо е избран во вториот круг на претседателските избори во јули 2021 година со тесно водство, како кандидат на Перу Либре (Слободно Перу), со поразување на десничарскиот демагог Кеико Фуџимори, ќерка на бившиот диктатор Алберто Фуџимори, која беше кандидат на владејачката класа и на рударските мултинационални корпорации.

Кампањата на Кастиљо, под слоганот „никогаш повеќе сиромаштија во богата земја“, ги привлече милионите работници и селани, особено од посиромашните региони на земјата, каде процентот на домородните Кечуани и Ајмара е поголем. Во некои од рударските области, тој доби преку 80 отсто гласови. Очекувањата беа дека по декади на екстремно либерална капиталистичка политика во интерес на големите рударски мултинационални компании, нивната сила и повеќето милијарди профит ќе бидат во рамнотежа со интересите на мнозинството Перуанци.

Програмата на Кастиљо вети дека ќе се изврши повторна национализација на гасните полиња Камисеа и повторно ќе се водат преговори со рударските компании, што го делат најголемиот удел во извозот на земјата и приходите на владата. Бакарот и златото се главни рудни богатства на земјата, преку спогодби во рацете на мултинационални компании од САД, Британија, Канада, Кина и Мексико.

Кастиљо се закани дека ако мултинационалните компании не се согласат на преговори за договорите тие ќе бидат национализирани повторно. Ова предизвика узбуна меѓу перуанската капиталистичка олигархија и мултинационалните компани, компактна група од 17 компании што ја контролира целата економија, масовните медиуми, државата и главните политички партии. И покрај кампањата на лаги, клевети и манипулација, Кастиљо успеа да победи на изборите, при што поддржувачите на Фуџимори ги оспоруваа резултатите со недели.

**Отстапки под притисок**

Програмата на Перу Либре, што ја имаше Кастиљо, содржеше контрадикторност. И покрај тоа што партијата се декларираше себеси „марксистичка, ленинистичка и маријатегистичка“, нејзината платформа не беше социјалистичка заснована на експропријација на средствата за производство, за да се користи во демократски план за производство под работничка контрола. Наместо тоа, зборуваше за нејасна и недефинирана „народна економија со пазари“, повикувајќи ја националната буржоазија да работи во корист на мнозинството. Тоа е целосно утописки. Капиталистичката класа е заинтересирана само за максимирање на профитот. Секој поединечен капиталист кој избира друг пат би бил брзо исфрлен од бизнисот од неговите конкуренти.

Во земја како Перу, дополнително, локалната буржоазија е подредена и



Програмата што ја имаше Кастиљо не беше социјалистичка

поврзана со странските империјалистички мултинационални интереси со илјада нишки. Во реалноста, рударските мултинационални компании владејат со земјата, во соработка со нивните локални агенти во капиталистичката олигархија.

Откако беше избран, Кастиљо се соочи со многу сложена ситуација, со непријателски парламент во кој тој беше во мало малцинство. Во тоа време, предупредивме дека тој има две опции: или да се заснова на масовна мобилизација на работниците и селаните на улиците за да нанесе удари врз владејачката класа и мултинационалните компании, или да биде заробен од многу неповолната рамнотежа на силите во буржоаски институции и да биде принуден да прави отстапки на капиталистичката олигархија.

Уште од самиот почеток, тој ја избра втората опција: отстапки и повлекување од сопствената програма. Тој го разреши својот министер за надворешни работи, Бехар, бидејќи ги вознемири воените високи позиции спомнувајќи ја улогата што ја играа за време на валканата војна против герилците на „Блескавата патека“. Потоа го разреши својот премиер Белидо, бидејќи се сметаше за премногу радикален за капиталистичката елита. Отстранет беше и министерот за труд кој се осмели да предложи закон против поддоговорите (едно од главните неволји на перуанската работничка класа во последните три децении).

Откако вети дека ќе ја зголеми концесијата на рударските компании, тој потоа се откажа од идејата под притисок. При посетата на САД, тој ги увери странските мултинационални компании дека нивните инвестиции ќе бидат безбедни. Како јавен знак за неговото отфрлање на какви било радикални ингеренции, тој, исто така, се оддалечи од Перу Либре, што дополнително ја намали големината на неговата парламентарна група, што сега е поделена на два дела. Идејата за Уставотворно собрание за повторно изготвување на Уставот, која датира од времето на диктатурата на Фуџимори, беше отфрлена поради недостаток на парламентарна поддршка за каков било потег во таа насока.

Меѓутоа, како што е секогаш случај, секоја негова отстапка се сметаше за знак на слабост од страна на богатите и моќните, кои на тоа продолжија да бараат повеќе отстапки. Во исто време, секоја отстапка имаше ефект на слабеење на сопствената база на поддршка. Кампањата на напади преку медиумите, со барања за недоверба во парламентот, неосновани обвинувања за корупција и непотизам продолжи со несмалено темпо.

Сепак, владејачката класа никогаш не се помири со Кастиљо. Работниците и сиромашните кои гласаа за него сè уште го гледаа како свој и беа охрабрени во нивните барања. Локалните заедници го прекинаа ископот на руда, барајќи дел од профитот. Написот во Ројтерс во јули 2022 година имаше наслов „Газдите на рудниците во Перу ја губат вербата во владата и покрај умерената промена“, што ја отслика ситуацијата.

Кастиљо беше избран врз основа на неговата силна програма, а исто така и поради неговото потекло - како учител синдикалец кој

водеше успешно национално движење, кој исто така имаше корени во движењето на селските патроли рондеро. Расистичката перуанска олигархија не можеше да ја проголта идејата за човек кој доаѓа од работничката класа и сиромашното мнозинство да ја заземе највисоката функција во земјата. И покрај неговите отстапки и прилагодувања, тој мораше да си замине.

**Пучот е започнат**

На 7 декември државниот удар беше завршен. Кастиљо се соочуваше, по трет пат, со барање за недоверба на парламентот, под опширно обвинение за „трајна морална неспособност", за што не е потребен вистински доказ за какво било погрешно постапување. За да го спречи овој потег, тој направи национален пренос во кој најави распуштање на парламентот, кој постојано ги блокираше неговите иницијативи и бараше нови избори во рок од четири месеци. Тој најави и свикување на Уставотворно собрание. Ова беше во рамки на неговите овластувања, но веднаш доведе до контрареакција на сите сили на капиталистичката држава. Неговите министри го напуштија, државниот обвинител издаде потерница против него, капиталистичките медиуми извикуваа дека извршил државен удар. До крајот на денот тој беше уапсен, парламентот гласаше за негова смена, а новиот нелегитимен претседател положи заклетва, неговата заменичка Дина Болуарте.

Во позадина на овој „уставен" пуч беше организацијата на газдите КОНФИЕП, масовните медиуми, сите гранки на државниот апарат, рударските мултинационални компании и секако Амбасадата на САД, која побрза да ја признае новата нелегитимна влада.

Претседателството на Кастиљо сериозно го поставува прашањето за таканаречените „прогресивни влади" во Латинска Америка. Каков и да било обид да се помешаат интересите на владејачката класа и моќните мултинационални компании, што ги пљачкаат богатствата на земјата, ќе биде пречекан со бурна кампања на дестабилизација.

Капиталистичката олигархија ќе ги искористи сите средства во нејзино владение да ги одбрани сопствените интереси. Ќе го нападнат секој претседател што им се заканува, колку и тој да е млак во својата програма, па дури и да го отстранат од власта. За нив, буржоаската демократија е алатка што е корисна само кога резултатите им гарантираат приватни профити, богатство и моќ.

Она на што не сметаа беше реакцијата на масите работници и селани. За нив, прашањето беше јасно: претседателот што го избраа, Кастиљо, еден од нивните, беше отстранет од капиталистичката олигархија. Тоа не можеше да се дозволи, тоа беше напад на нивните демократски права и желби. Започна масовно движење, со блокади на патишта, масовни демонстрации и протести низ целата земја.

Движењето растеше по интензитет, при што демонстрантите ги заздоа регионалните аеродроми, а во некои случаи ги пребаруваа регионалните и локалните канцеларии на судството и државниот обвинител. Нелегитимниот претседател се плашеше дека ќе ја изгуби контролата врз ситуацијата и реагираше со употреба на брутална репресија. Соочена со повик за национален генерален штрајк на 15 декември, таа прогласи вонредна состојба, а потоа воведе полициски час во неколку јужни области каде што протестите беа поинтензивни. Конечно, таа ја испрати војската против демонстрантите.

Во Ајакучо, масите и пркосеа на војската и насилно пробивајќи ги редовите војници вооружени со тешко оружје, маршираа во центарот на градот. Бројот на загинати брзо ескалираше на речиси 30 невооружени цивили убиени од армијата и полицијата. На Кастиљо му е одреден притвор од 18 месеци, повеќе од колку што му беше дозволено да седи во претседателската функција!

**Што понатаму за работниците и селаните?**

Репресијата и доаѓањето на Божиќ принудија пауза во движењето. Ова беше искористено за да се разговара за стратегијата и да се зајакне нејзината организација. На

состанокот на претставниците на работниците и селските организации од јужните региони се договори да се свика сеопфатен штрајк во целиот регион и да се формираат заеднички штрајкувачки комитети. Состанокот повика на ширење на движењето во останатиот дел од земјата и најави „марча де лос 4 сујос" - марш во Лима со исто име како и огромниот национален марш во 2000 година, со кој се собори Фуџимори.

Обновеното штрајкувачко движење повторно беше дочекано со брутална државна репресија, користејќи ги овластувањата за вонредна состојба, кои остануваат на сила. На 9 јануари се случи уште еден масакр, овој пат во Јулијака, Пуно, каде што полицијата отвори оган врз демонстрантите од етничката група Ајмара, кои се собраа од руралните области, убивајќи најмалку 18, вклучително и еден малолетник и еден помлад лекар кој им помагаше на жртвите.

Барањата на движењето се јасни: Слобода за Кастиљо, затворање на корумпираниот заверенички конгрес на пучисти, соборување на крволочната „претседателка" Болуарте, нови избори и Уставотворно собрание.

Ова се основни демократски барања против пучот. Но, работниците и селаните веќе разбираат дека новите избори, сами по себе, нема да го решат проблемот. Целиот политички систем е скапан до срж и наклонет кон интересите на владејачката класа.

Всушност, она што масовното движење на отпорот го постави на дневен ред е „кој владее со земјата - дали е тоа работничкото мнозинство, работниците, селаните, студентите, жените, домородните народи или неизбраната капиталистичка олигархија којашто не одговара, армијата, сопствениците на масовните медиуми и рударските мултинационални компании".

Прашањето за Уставотворното собрание, во очите на масите работници и селани, го претставува токму тоа, коренита реорганизација на политичката власт и шанса за мнозинството работничка класа да наметне свои правила. Сепак, треба да предупредиме дека Уставотворното собрание, т.е. реформата на политичките структури, нема да ги реши основните проблеми што ги засегаат работниците и селаните во Перу.

Неколку други земји во регионот имаа Уставотворни собранија во блиското минато, вклучувајќи ги Боливија и Еквадор, а владејачката класа во тие земји сè уште ја има својата економска власт недопрена. Во одреден момент, ако движењето е доволно силно и се заканува да ја отфрли владејачката класа како целина, може да се дозволи некаков вид на Уставотворно собрание, со цел да се попречи востаничкото движење на масите по побезбедни буржоаски уставни канали. Токму тоа се случи во Чиле со катастрофални резултати. Уставотворното собрание во Боливија од 2006 година ја одигра истата улога, обезбедувајќи уставен излез од револуционерното движење од 2005 година за време на гасните војни.

Во борбата за демократски барања, револуционерните марксисти укажуваат на потребата да се занимаваат со прашањето кој ја контролира економијата и богатствата на земјата. Тоа значи не само промена на Уставот на Фуџимори туку всушност експропријација на 17-те групи кои ја контролираат економијата на земјата, како и мултинационалните компании за рударство. Само со ставање на богатството на земјата во рацете на работните луѓе може практично да се спроведе слоганот „никогаш повеќе сиромаштија во богата земја".

За движењето да биде победоносно, генералниот штрајк треба да се прошири на национално ниво. Другарите од ИМТ во Перу повикуваат на Национално револуционерно собрание на работници и селани, со делегати избрани со право на отповикување од секое работно место, работничко соседство и селска заедница за да ги преземат уздите на земјата. Договорите постигнати на состаноците на претставниците на работниците и селаните од југот се во вистинската насока. Масите реагираа херојски и покрај крволочната репресија.

Должност на меѓународното работничко движење е да организира солидарност со херојскиот отпор на перуанските работници и селани што е инспирација за сите нас.

*12 јануари 2022, Хорхе Мартин*




## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:
**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејсбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:
**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

*Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!*

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА